# Дневна хемеротека за 06.05.2015г.

## МИА - [Конференција за успешна примена на Законот за електрична опрема]

СРЕДА, 06 МАЈ 2015, 10:30:15

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Бизнис

**Конференција за успешна примена на Законот за електрична опрема**

Препорачај 0

среда, 06 мај 2015 07:19



**Скопје, 6 мај 2015 (МИА)** - Во Стопанската комора на Македонија денеска ќе се одржи конференција на тема „Закон за електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема - како до успешна практична примена".

Целта е да се акцентираат отворените прашања од аспект на практичната применливост на регулативата и да се дадат насоки за нејзина натамошна успешна имплементација.

Конференцијата ќе ја отворат министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и претседателот на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори Владо Момировски. мч/са/**07:19**

## Сител - Конференција за успешна примена на Законот за електрична опрема

МАКЕДОНИЈА | 6 МАЈ 2015 - 9:09AM

# Конференција за успешна примена на Законот за електрична опрема

g+1 0 Tweet 0 Ми се допаѓа 0 Препорачај 0



Во Стопанската комора на Македонија денеска ќе се одржи конференција на тема „Закон за електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема - како до успешна практична примена“.

Целта е да се акцентираат отворените прашања од аспект на практичната применливост на регулативата и да се дадат насоки за нејзина натамошна успешна имплементација.

Конференцијата ќе ја отворат министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и претседателот на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори Владо Момировски.

## Курир -[Конференција за успешна примена на Законот за електрична опрема]

Во Стопанската комора на Македонија денеска ќе се одржи конференција на тема „Закон за електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема - како до успешна практична примена“

## Lider - [Конференција за Законот за електрична и електронска опрема и отпад]

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, претседателот на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори, Владо Момировски, ќе ја отворат конференцијата на тема „Закон за електрична и електронска опрема и отпадна

## Idividi - [Konferencë për zbatim të suksesshëm të Ligjit për pajisje elektrike]

### Konferencë për zbatim të suksesshëm të Ligjit për pajisje elektrike

g+1 0 Tweet 0 Më pëlqen Shpërndaje 0

Shkup, 6 maj 2015 (MIA) - Në Odën ekonomike të Maqedonisë sot do të mbahet konferencë në temë "Ligji për pajisje elektrike dhe elektronike dhe pajisjet e mbetura elektrike dhe elektronike - si deri në zbatim të suksesshëm praktik".

Qëllimi është që të theksohen çështjet e hapura nga aspekti i zbatimit praktik të rregullativës dhe të jepen drejtime për implemtimin e tij të mëtutjeshëm të suksesshëm.

Konferencën do ta hapin ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi dhe kryetari i Asociacionit të lëndëve të papërpunuara sekondare dhe ricikluese Vllado Momirovski.

## A1 On - Тетово, рекордер по аерозагаденост

a1 on .mk

# Тетово, рекордер по аерозагаденост

Објавено: 18:29, 05/05/2015 Прегледано: 97 пати.



Поволните временски услови во пролетниот период го подобрија квалитетот на воздухот во цела Македонија. Само во Тетово, пет дена по ред, концентрацијата на штетните ПМ10-честички во воздухот е повисока од дозволените вредности. Градот под Шара, овој праг го надминува неколкупати месечно и сè уште останува црна точка на картата на аерозагадување во Македонија.

Поради ваквата состојба, Министерството за здравство препорачува децата, хронично болните и старите лица да избегнуваат престој на отворено, а сите други да ги ограничат движењата и активностите во најзагадените зони од градот.

Вчера во Тетово беше измерена двапати повисока среднодневна концентрација на ПМ10 од максималната.

Штетните ПМ10-честички од почетокот на годинава досега атакуваат на здравјето на тетовци 119 дена, а во интерес на здравјето, во една година не смее да има повеќе од 35 загадени денови. Колку за споредба, во Скопје, кој, исто така, е град со голема аерозагаденост, имало 50 дена загаден воздух.

На интернет-страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање, во случај на загадување на воздухот во пет последователни дена, стои препораката „Да се користи јавен превоз, односно да не се користат возилата без поголема потреба“. И покрај овие препораки, во Тетово јавниот превоз сè уште не функционира, иако неколкупати беше најавуван од градските власти.

Главни извори на ситните честички од прав се издувните гасови од моторните возила, правот на улиците, палењето отпад и индустријата.

## Н.Македонија - *Животната средина има потреба од постојана заштита*

70 години НОВА МАКЕДОНИЈА онлајн-издание број 23459 | вторник 5.5.2015 ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

### Животната средина има потреба од постојана заштита

**Сите заинтересирани граѓани можат да се пријават на овој конкурс до 25 мај 2015 година, добивајќи дополнителна можност да ја искажат својата еколошка свест**



На конкурсот можат да учествуваатсите љубители на здравата околина

**ЕКОЛОШКИ КОНКУРС ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА**

Чувањето на природата и придонесувањето во екологијата треба да бидат едни од најважните работи за секој човек, компанија или институција. Токму поради тоа секоја година се одржува традиционалната манифестација „Денови на пролетта - денови на екологијата“, каде што може да учествуваат сите љубители на здравата околина. Во тек е јавниот конкурс за избор на најеколошка компанија, најголем придонес во областа на животната средина, најубаво среден двор на куќа, зграда и институција и најубав состав и цртеж на тема екологија за учениците од основните и од средните училишта во главниот град.

**ИНСТИТУЦИИТЕ УЧЕСТВУВААТ ВО ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

Сите заинтересирани граѓани можат да се пријават на овој конкурс до 25 мај 2015 година, добивајќи дополнителна можност да ја искажат својата еколошка свест.
Според условите на конкурсот, и оваа година ќе се избира најеколошка компанија, односно фирма со успешна примена на ИСО 14001, која има придонес кон зачувувањето на животната средина. Тука се и правните или физичките лица што со својата активност сториле најмногу за зачувување и за унапредување на животната средина. Потоа ќе се избира најубаво уреден двор на објект за индивидуално домување, колективно домување и институција, фирма или стопански објект. Можат да учествуваат и учениците од основните и од средните училишта низ главниот град, кои ќе се натпреваруваат за најубав состав и најубав цртеж на тема екологија.

**ЕКОЛОШКАТА
СВЕСТ СЕ НАГРАДУВА**

За првите две категории е предвидена по една награда во износ од 45 илјади денари. За третата категорија, најубав двор, се предвидени три награди во износ од 40 илјади денари, а за четвртата категорија се предвидуваат две награди од 10 илјади денари за учениците во основните училишта и за учениците од средните училишта.

Пристигнатите пријави ќе ги разгледува комисија формирана од претставници од градската администрација и од невладините организации.

Градските власти велат дека манифестацијата „Денови на пролетта - денови на екологијата" е само дел од нашите стратегиски поставени активности, за да ја промовираме и популаризираме грижата за животната средина и за природата.

- Искуствата поединечно поврзани само со манифестацијата и во комбинација со сите други активности укажуваат дека основните цели се постигнуваат. Доказ за посочената констатација е големиот опфат на субјекти, правни и физички лица во петте категории, поголемиот број учесници на конкурсот, како и зголемениот квалитет на пристигнати кандидатури за добивањето на признанијата во секоја од предвидените категории - објаснуваат од градот.

Сите заинтересирани своите пријави може да ги доставуваат по пошта на адресата на градот во Секторот за заштита на животната средина и природата.

Автор: Мартин Богатиноски/martin.b@novamakedonija.com.mk

Фотографија: Маја Јаневска-Илиева